Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 138 став 11, член 140 став 7, член 142 став 16, член 145 и член 147 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
# за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи
# (неофицијален пречистен текст)[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат:

1.1 Видот на документите, податоците и / или информациите, како и начинот и постапката за оценување на документите, податоците и / или информациите за добивање:

- дозвола за оператор на платен систем;
- претходна согласност за именување членови на управен одбор, односно извршни членови на одбор на директори;
- претходна согласност за стекнување квалификувано учество или зголемување на учеството во оператор на платен систем;
- претходна согласност за измена и / или дополнување на правилата за работење на платен систем.

1.2. Содржината и начинот на водење на регистарот на оператори на платни системи и начинот на бришење на податоците од регистарот.

## II. ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ОПЕРАТОР НА ПЛАТЕН СИСТЕМ

2. Трговското друштво основано во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: подносителот на барањето) коешто има намера да ја врши дејноста оператор на платен систем, во согласност со член 138 став 1 од Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот) до Народната банка на Република Северна Македонија (во

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи. Истиот се состои од Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 289/22) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/24).

натамошниот текст: Народната банка) поднесува барање за добивање дозвола за оператор на платен систем (во натамошниот текст: барањето).

Барањето од став 1 на оваа точка се поднесува на образецот 1 Барање за добивање дозвола, кој е прилог на оваа одлука.

3. Кон барањето од точка 2 став 2 од оваа одлука, подносителот на барањето ги доставува следните документи, податоци и / или информации:

3.1. Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македониија (во натамошниот текст: Централниот регистар), не постара од 30 (триесет) дена до денот на поднесување на барањето, како доказ дека подносителот на барањето е запишан како акционерско друштво во Трговскиот регистар. Адресата на седиштето на трговското друштво се утврдува од доставената тековна состојба издадена од Централниот регистар;

3.2. Доказ дека трговското друштво располага со почетен капитал во согласност со член 138 став 2 потточка 2 од Законот, кој вклучува:

- тековна состојба од Централниот регистар со која се потврдува пропишаниот износ на почетен капитал на подносителот на барањето запишан како основна главнина во трговскиот регистар; и
- финансиски извештај за претходната деловна година, како и мислење од овластен ревизор доколку за подносителот на барањето ревизијата на финансискиот извештај е задолжителна во согласност со закон или извод од платежната сметка или друга соодветна сметка на подносителот на барањето.

Подносителот на барањето е должен пред приемот на решението за издавање дозвола да ѝ обезбеди соодветен доказ на Народната банка дека на денот на приемот на тоа решение располага со пропишаниот износ на почетен капитал.

3.3. Статут на друштвото којшто покрај елементите и податоците пропишани со Законот за трговските друштва, треба да е усогласен и со одредбите од член 146 став 5 од Законот;

3.4. Деловен план за дејноста оператор на платен систем, кој треба да вклучува:

- сеопфатен опис на досегашната дејност на подносителот на барањето и ревидирани финансиски извештаи за последните три деловни години или за пократок период на постоење на трговското друштво, освен ако подносителот на барањето е новоосновано трговско друштво;
- план за развој и планирање на буџетот со планираните приходи и расходи врз основа на работењето на платниот систем за првите три деловни години засновани врз проектираниот вид, обем и вредност на услугите коишто ќе ги овозможува операторот на платниот систем, на планираните надоместоци во врска со учеството во платниот систем и на соодветните технички и човечки ресурси;
- податоци за видот на платните инструменти што ќе се користат за извршување на платежните трансакции во платниот систем;

- податоци за деловниот простор што ќе се користи за дејноста оператор на платен систем, вклучувајќи ги и податоците за деловниот простор во кој ќе бидат инсталирани хардверските и софтверските компоненти за вршење активности во платниот систем;
- процена на влијанието врз дејноста оператор на платен систем од друга дејност којашто ја врши или ќе ја врши трговското друштво кое има намера да врши дејност оператор на платен систем, а особено за влијанието на другите дејности врз финансиската состојба, организациската структура, системот на внатрешна контрола и стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем;

3.5. Предлог-правила за работење на платниот систем коишто треба да ги содржат најмалку барањата пропишани со член 134 став 2 од Законот, вклучително и нацрт билатералните договори за учество во платниот систем што се склучуваат помеѓу операторот на платен систем и секој поединечен учесник или нацрт мултилатерален договор помеѓу сите учесници со кој подносителот на барањето се определува за оператор на платниот систем.

3.6. Опис на системот на управување, кој особено го опфаќа системот на внатрешна контрола, кој вклучува:

- шематски приказ со опис на организациската структура и јасни и директни линии на одговорност и отчет;
- правила за управување на платниот систем кои јасно ги дефинираат улогите и одговорностите на одборот на директори при едностепен систем на управување, односно управен и надзорен одбор при двостепен систем на управување (во натамошниот текст: органи на управување) на платниот систем и вклучуваат:
  а) воспоставување јасни стратегиски цели на платниот систем;
  б) воспоставување процедури за работење на органите на управување на платниот систем, вклучително и процедури за утврдување, справување и управување со конфликт на интереси на членовите;
  в) обезбедување ефикасност во изборот, следењето и разрешувањето на членовите;
  г) редовно оценување и тестирање на внатрешните контроли и соодветните процедури од страна на добро обучени тимови со доволен број вработени за управување со ризици и за внатрешна ревизија;
  д) активно вклучување во процесот на контрола на ризикот.

3.7. Опис на организационите, кадровските и техничките услови соодветни за извршување на активностите како оператор на платен систем, кој вклучува:

- Опис на техничката опрема и ресурсите за работење на платен систем, вклучувајќи соодветни компјутерски, информациски и сметководствени системи. Подносителот на барањето треба да обезбеди соодветни технички капацитети и простории кои овозможуваат постојана сигурна и стабилна поддршка на деловните процеси за давање услуги на платен систем;
- Податоци за организационите целини во кои ќе се извршуваат активностите во врска со работењето на платниот систем, вклучувајќи ја организациската шема, како и бројот на вработени кои би биле ангажирани за тие активности, систематизација на работните места со квалификациска структура и работното искуство за секоја работна активност, како и листа

на овластените лица за комуникација со Народната банка, со податоци за контакт (име и презиме, телефонски број, адреса на електронска пошта);

- Опис на принципот на работа на платниот систем и начинот на порамнување на налозите за пренос, со кој се осигурува порамнување на прифатените налози за пренос преку утврдување оперативни процедури коишто ќе се применуваат во поединечни фази на прифаќање и обработка на налозите за пренос, порамнување на побарувањата и обврските, испраќање информации до учесниците во платниот систем и до агентот за порамнување;
- Опис на организацијата и управувањето со информацискиот систем, вклучувајќи го и начинот на овозможување, следење и ограничување на пристапот до информациите и податоците за клиентите, што ги опфаќа подносителот на барањето и учесниците во платниот систем;
- Опис на користење услуги од надворешни лица, вклучувајќи ги договорните надворешни лица и нивната географска локација, опис на оперативните функции кои ги извршуваат надворешните лица и се поврзани со вршењето на дејноста оператор на платен систем, идентитетот на лицатата кај операторот на платниот систем коишто се одговорни за следење на секоја поединечна активност која е пренесена на извршување на некое надворешно лице и предлог-договори за користење услуги од надворешни лица; и
- Процедура за известување за работата на платниот систем заради навремено известување до Народната банка во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка со кој се определува видот на извештаите за работењето на платните системи и начинот и роковите за нивното доставување.

3.8. Опис на системите, политиките и процедурите за управување со оперативните, финансиските и другите ризици во платниот систем, кои ги содржат следните информации:

- Рамка за утврдување, мерење, следење и управување со опсегот на ризици, коишто се јавуваат кај платниот систем или се на негов товар и ги опфаќа најмалку кредитниот, ликвидносниот и оперативниот ризик во согласност со барањата од точките 18, 19, 35, 75, 76 и 78 од Одлуката за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22);
- План за непрекинатост во работењето на платниот систем во согласност со точка 80 став 1 од Одлуката за критериумите за класификација на платните системи,стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22) и
- Правила и процедури за неисполнување на договорните обврски од страна на учесник, кои вклучуваат информации од точките 58, 59, 60 и 61 од Одлуката за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22).

3.9. Подносителот на барањето ги доставува документите, податоците и / или информациите од точка 9 од оваа одлука за лицата кои се членови на управниот одбор, односно извршни членови на одборот на директори;

3.10. Подносителот на барањето ги поднесува документите, податоците и / или информациите од точка 17 од оваа одлука за лицата коишто поседуваат квалификувано учество во подносителот на барањето преку лицата со кои имаат блиски врски.

3.11. Листа на лицата со кои подносителот на барањето има блиски врски во смисла на Законот, со име и презиме и податоци за контакт (за физички лица) и име / назив, седиште, матичен број и податоци за контакт (за правни лица), како и опис на начинот на кој се поврзани овие лица.

4. Покрај документите, податоците и / или информациите од точка 3 од оваа одлука, Народната банка може да бара и дополнителни документи, податоци и / или информации, како и допрецизирање на веќе доставената документација од подносителот на барањето.

5. Народната банка спроведува интервју со предложените членови на управниот одбор, односно со извршните членови на одборот на директори на подносителот на барањето заради оцена дали лицата поседуваат стручни знаења и искуство од различни области кои се потребни за независно управување на операторот на платниот систем и разбирање на активностите што ќе ги врши операторот на платниот систем, како и на правилата за работење на платниот систем.

6. При одлучувањето за издавање дозвола за оператор на платен систем, врз основа на доставената документација од точките 2, 3 и 4 од оваа одлука и спроведеното интервју од точката 5 од оваа одлука, Народната банка оценува дали операторот на платниот систем ги исполнува условите, преку:
   - утврдување на идентитетот, правната форма, сопственичката структура, финансиската состојба / имотната состојба, репутацијата на:
     1. подносителот на барањето;
     2. лицата поврзани со него – две или повеќе лица се поврзани лица доколку претставуваат единствен ризик, бидејќи едното од нив, директно или индиректно, остварува контрола во другото лице или во другите лица, односно две или повеќе физички лица се поврзани лица доколку едното физичко лице е брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, дете или посвоено дете, родител или лице под старателство на другото физичко лице (во натамошниот текст: поврзани лица),
     3. физичкото или правното лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето.

   Лицето кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето, ќе се смета дека има соодветна репутација доколку е чесно, компетентно, работливо и поседува личен интегритет и особини кои даваат сигурност дека лицето нема да влијае на загрозување на стабилноста и сигурноста на операторот на платниот систем и дека нема да предизвика нарушување на угледот и довербата на јавноста во операторот на платниот систем и / или на платниот систем. Физичко лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето не го исполнува условот за репутација доколку постојат околностите определени

во член 19 став 5 од Законот. Правно лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество во подносителот на барањето не го исполнува условот за репутација, доколку постојат околностите определени во член 19 став 6 од Законот;

- утврдување на идентитетот и оцена на професионалната компетентност и репутацијата на лицето кое е член на органот на управување на подносителот на барањето. Во однос на оцената за (не)исполнување на условот за репутација на физичкото лице кое е член на органот на управување соодветно се применуваат одредбите од став 1 алинеја 1 од оваа точка за оцена на (не)исполнување на условот за репутацијата на физичкото лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество;
- оцена на организираноста и техничката опременост и управувањето со информацискиот систем на подносителот на барањето коишто треба да обезбедат услови за сигурно и стабилно работење на платниот систем во согласност со Законот. Политиките за управување со информацискиот систем се сметаат за соодветни доколку ги утврдуваат, ги оценуваат и управуваат со сите потенцијални слабости и закани. Подносителот на барањето треба да поседува соодветен деловен простор и техничка опрема кои ќе овозможат негово сигурно и непречено работење, како и соодветно разграничување на деловните процеси;
- оцена на организациската структура на подносителот на барањето, што подразбира најмалку дефинирање на правилата за управување на платниот систем кои јасно ги дефинираат улогите и одговорностите на одборот, директните линии на одговорност и отчет и воспоставувањето систем на внатрешна контрола;
- оцена на соодветноста на рамката за утврдување, управување, следење и известување за сите ризици на кои е изложен или би можел да биде изложен платниот систем. Рамката се оценува од аспект на тоа дали ги опфаќа сите ризици, вклучувајќи ги правните, кредитните, ликвидносните и оперативните ризици кои би можеле да влијаат на неговата способност за извршување или обезбедување услуги како што се очекува, предвидените алатки за управување со ризиците и доделените линии на одговорност и отчет;
- оцена на соодветноста на планот за непрекинатост во работењето на платниот систем. Планот се оценува во однос на тоа дали подносителот на барањето може да се справи со настаните коишто претставуваат значителен ризик од нарушување на работењето на платниот систем;
- оцена на соодветноста на правилата и процедурите за неисполнување на договорните обврски од страна на учесник, коишто треба да му овозможат натамошно исполнување на неговите обврски, а кои го решаваат надоместувањето на средствата доколку настане таков случај.
- оцена на соодветноста на правилата за работење на платниот систем во согласност со одредбите од Законот;
- оцена дали поради постоење блиски врски на подносителот на барањето со други правни или физички лица, надзорот над операторот на платен систем во согласност со Законот, би бил оневозможен или значително отежнат;
- оцена дали поради вршење други услуги и / или дејности кои не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари, би биле загрозени стабилноста, сигурноста и ефикасноста на работењето на платниот систем или дали поради овие дејности, надзорот

над операторот на платен систем во согласност со Законот би бил оневозможен или значително отежнат;

- оцена дали поради прописите и практиките на третата држава кои се применуваат на лицата со кои подносителот на барањето има блиски врски, надзорот над операторот на платен систем во согласност со Законот би бил оневозможен или значително отежнат;
- утврдување дали во барањето постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети.

7. Врз основа на оцената од точката 6 од оваа одлука, Извршниот одбор донесува решение за издавање дозвола за оператор на платен систем или решение за одбивање на барањето во рок од 120 (стоидваесет) дена од денот на приемот на комплетното барање од точка 2 од оваа одлука.

   Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и / или информациите најмногу во рок од 30 (триесет) дена. Овој рок не се пресметува во рокот од став 1 на оваа точка.

   Операторот на платен систем е должен веднаш да ја извести Народната банка за какви било промени во документите, податоците и / или информациите врз основа на кои е издадена дозволата.

## III. ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР, ОДНОСНО ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

8. За именување на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори (во натамошниот текст: членови на органот на управување), операторот на платен систем поднесува барање до Народната банка за добивање претходна согласност за именување член на органот на управување (образец 2), којшто е даден како прилог на оваа одлука.

9. Кон барањето за добивање претходна согласност од точката 8 од оваа одлука се доставуваат следните документи, податоци и / или информации:

   9.1. Одлука од надлежен орган на операторот на платен систем за именување на лицето предложено за член на органот на управување, која ќе стапи во сила по издавање претходна согласност од Извршниот одбор. Во одлуката се наведуваат клучните должности и одговорности на лицето предложено за член на органот на управување, датумот на започнување и времетраењето на мандатот, имајќи ги предвид одредбите од актот за основање кои се однесуваат на траење на мандатот на членот на органот на управување. Кон одлуката треба да се достави и образложение од надлежниот орган за причините за именување на лицето предложено за член на органот на управување, како и образложение на придобивките за операторот на платен систем.

   Кон одлуката на надлежниот орган на операторот на платен систем се доставува и оцената за соодветноста на лицето предложено за член на органот на управување на операторот на платен систем, од која ќе може да се утврди исполнувањето на условите потребни за неговото именување за

член на органот на управување и соодветноста на лицето предложено за член на органот на управување заедно со останатите членови, во согласност со член 142 став 7 од Законот.

9.2. Податоци (име и презиме, место и датум на раѓање, адреса на живеалиштето / престојувалиштето, матичен број и број на личната карта, односно број на пасош доколку лицето е странско физичко лице, државјанство / државјанства, телефонски број, електронска адреса и други податоци во согласност со образецот бр. 3 кој е во прилог на оваа одлука) на лицето предложено за член на органот на управување, преземени од личната карта, односно од пасошот на лицето предложено за член на органот на управување (за странско физичко лице). Во прилог кон податоците за лице предложено за член на органот на управување преземени од личната карта, односно од пасошот, се доставува изјава од лицето дека се тоа негови и точни податоци, заверена од страна на овластено лице (нотар).

9.3. Уверение за завршено високо образование на лицето предложено за член на органот на управување.

9.4. Пополнет прашалник за член на органот на управување (образец 3). Потписот на лицето предложено за член на органот на управување кое го пополнило прашалникот треба да биде заверен кај овластено лице (нотар). Лицето предложено за член на органот на управување е должно да даде одговор на секое од прашањата / барањата содржани во прашалникот.

9.5. Доказ за најмалку шест години работно искуство во обласста на платежните услуги или платните системи, банкарството или други финансиски услуги или друга дејност или три години работно искуство како член на органот на управување или раководно лице во правно лице во некоја од овие дејности. Како доказ за исполнување на овој услов се доставува потврда од правните лица во кои го стекнал потребното работно искуство за член на органот на управување во оператор на платен систем.

9.6. Решение со кое се дозволува престој заради работа во Република Северна Македонија (за странско физичко лице).

9.7. Образложение од лицето предложено за член на органот на управување за начинот на кој неговата стекната професионална компетентност ќе придонесе за успешно извршување на задачите како член на органот на управување, со посебен осврт на планираните активности кои ќе бидат во надлежност на лицето предложено за член на органот на управување, во согласност со интерните акти на операторот на платен систем, во периодот на неговиот мандат. Лицето предложено за член на органот на управување треба да ги има предвид одговорностите и надлежностите, како и стандардите коишто треба да ги почитува операторот на платен систем во согласност со прописите и специфичностите на платните системи.

9.8. Податоци од Централниот регистар за тоа дали предложеното лице е евидентирано како член на органот на управување или надзор во некое правно лице. Податоците треба да се со датум не постар од еден месец пред датумот на поднесување на барањето за добивање претходна согласност до Народната банка.

9.9. Копија од актот, доколку таков акт е издаден, на надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции (освен акт на Народната банка), со кој на лицето предложено за член на органот на управување му била издадена согласност за член на органот на управување на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем, банка или друга финансиска институција. Во случај кога надлежниот странски орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем, банка или друга финансиска институција не издава формална согласност, во барањето треба да се наведе оваа околност.

9.10. Изјава од лицето предложено за член на органот на управување, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дали заедно со друго физичко лице директно или индиректно и / или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво.

9.11. Изјава од предложеното лице кое е член на органот на управување во друго правно лице, дека таквата функција ќе му престане веднаш по издавањето на согласноста од страна на Народната банка за негово именување за член на органот на управување на операторот на платен систем.

9.12. Потврда од надлежен суд или друга надлежна институција дека против лицето предложено за член на органот на управување нема изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;

9.13. Потврда од надлежен суд дека на лицето предложено за член на органот на управување со правосилна судска одлука не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела;

9.14. Потврда од надлежен суд дека лицето предложено за член на органот на управување со правосилна судска пресуда не е осудено на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата. Доколку лицето предложено за член на органот на управување има соработник во смисла на Законот, оваа потврда од надлежниот суд се доставува и за соработникот.

10. Покрај документите, податоците и / или информациите од точка 9 од оваа одлука, Народната банка може да бара и дополнителни документи, податоци и / или информации, како и допрецизирање на веќе доставената документација од оператор на платен систем.

    Народната банка, по службена должност, може да побара од соодветен надлежен орган во земјата или странство и дополнителни документи, податоци и / или информации заради оцена на интегритетот и репутацијата на лицето предложено за член на органот на управување.

11. Народната банка спроведува интервју со членовите предложени за органот на управување на операторот на платен систем заради оцена дали предложените лица поседуваат стручни знаења и искуство од различни

области кои се потребни за независно управување на операторот на платниот систем и разбирање на активностите што ги врши операторот на платниот систем и правилата за работење на платниот систем.

12. При одлучувањето во врска со барањето за добивање претходна согласност за именување член на органот на управување на операторот на платен систем, врз основа на доставената документација од точките 8, 9 и 10 од оваа одлука и спроведеното интервју од точката 11 од оваа одлука, Народната банка оценува дали лицето предложено за член на органот на управување ги исполнува условите, преку:

    - оцена на професионалната компетентност и репутација. Ќе се смета дека лицето предложено за член на органот на управување поседува професионална компетентност доколку има стекнато најмалку високо образование и шест години работно искуство во областа на платежните услуги или платните системи, банкарството или други финансиски услуги или друга дејност или три години работно искуство како член на органот на управување или како раководно лице во правно лице во некоја од овие дејности. Во однос на оцената за (не)исполнување на условот за репутација на физичкото лице предложено за член на органот на управување на оператор на платен систем соодветно се применуваат одредбите од точка 6 став 1 алинеја 1 од оваа одлука, за оцена на (не)исполнување на условот за репутацијата на физичко лице кое непосредно или посредно, преку блиски врски, поседува квалификувано учество;
    - утврдување дали е член на Советот на Народната банка или лице вработено во Народната банка;
- оцена дали од страна на лицето предложено за член на органот на управување имало непочитување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и / или не ги спроведувало или не ги спроведува и / или постапувало или постапува спротивно на мерките кон субјектите на надзор изречени од гувернерот или Извршниот одбор, со што биле или се загрозени стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем, доколку лицето предложено за член на органот на управување претходно било раководно лице во операторот на платен систем или било член на органот на управување или раководно лице во некоја друга платежна институција, институцијата за електронски пари и / или оператор на платен систем;
    - утврдување дали лицето предложено за член на органот на управување извршува посебни права и одговорности во друг оператор на платен систем, оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност, централна договорна страна или е лице вработено во нив;
    - утврдување дали е член на надзорен одбор, член на управен одбор или член на одбор на директори на учесник во платен систем;
    - утврдување дали е член во надзорен одбор, односно неизвршен член на одбор на директори во домашни или странски трговски друштва;
    - утврдување дали лицето предложено за член на органот на управување претходно извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во оператор на платен систем, оператор на систем за порамнување на хартиите од вредност, централна договорна страна, учесник во платен систем или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена постапка за ликвидација или стечај;

- утврдување дали е член во органи на непрофитни организации на волонтерска основа; и
- точност, вистинитост и целосност на податоците и информациите.

При оцената на соодветноста на лицето предложено за член на органот на управување заедно со останатите членови на органот на управување, се зема предвид дали во составот на органот на управување членуваат лица кои поседуваат стручни знаења и искуство од различни области кои се потребни за независно управување на операторот на платниот систем, а особено за разбирање на активностите што ги врши операторот на платниот систем и правилата за работење на платниот систем, при што барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Северна Македонија.

Доколку лицето предложено за член на органот на управување е странско лице со искуство како член на органи на финансиски институции, соодветни податоци за утврдување на неговата професионална компетентност и репутација можат да се побараат од супервизорскиот орган на земјата од каде што доаѓа.

13. Врз основа на оцената од точка 12 од оваа одлука, Извршниот одбор донесува решение за издавање претходна согласност за член на органот на управување или за одбивање на барањето во рок од 90 (деведесет) дена од денот на поднесување на барањето од точка 8 од оваа одлука.

    Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и / или информациите најмногу во рок од 30 (триесет) дена. Овој рок не се пресметува во рокот од став 1 на оваа точка.

14. Народната банка може да издаде претходна согласност за лицето предложено за член на органот на управување на операторот на платен систем со пократок рок од рокот назначен во барањето, доколку оцени дека е потребно.

15. По издавањето на претходната согласност за именување на лицето предложено за член на органот на управување, операторот на платен систем доставува решение за извршен упис на лицето во Централниот регистар. Решението се доставува во рок од 5 (пет) дена по извршениот упис.

## IV. ИЗДАВАЊЕ ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ОПЕРАТОР НА ПЛАТЕН СИСТЕМ

16. Физичко лице или правно лице коешто има намера да стекне квалификувано учество, непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски за да го зголеми учеството на начин на кој ќе се стекне со најмалку 20%, 30% или 50% од вкупниот број акции или од издадените акции со право на глас во операторот на платен систем без оглед на тоа дали акциите ги стекнува постапно или одеднаш, поднесува барање до Народната банка за добивање претходна согласност за стекнување квалификувано учество (образец 4), кој е прилог на оваа одлука.

Доколку врз основа на одлука на суд или надлежен орган во согласност со закон физичкото лице или правното лице стекнало квалификувано учество, непосредно или посредно преку лицата со кои има блиски врски го зголемило учеството на начин на кој се стекнало со најмалку 20%, 30% или 50% од вкупниот број акции или од издадените акции со право на глас во операторот на платен систем во рок од десет дена од правосилноста, односно конечноста на одлуката, поднесува барање до Народната банка за добивање согласност за стекнување квалификувано учество од став 1 на оваа точка.

17. Кон барањето од точка 16 се доставуваат следните документи, податоци и / или информации:

17.1. За физичко лице:

- податоци за бројот на акциите коишто лицето има намера да ги стекне во операторот на платен систем, како и за процентуалното учество во вкупниот број акции или во издадените акции со право на глас по планираното стекнување на акциите во операторот на платен систем;
- податоци (име и презиме, место и датум на раѓање, адреса на живеалиште, матичен број и број на личната карта) на физичкото лице, преземени од личната карта, односно од пасошот доколку лицето е странско физичко лице. Во прилог кон податоците за лицето преземени од личната карта односно од пасошот се доставува изјава од лицето дека се тоа негови и точни податоци, заверена од овластено лице (нотар).;
- биографија за образованието и професионалното искуство на физичкото лице;
- пополнет прашалник за физички лица за стекнување квалификувано учество во оператор на платен систем (образец 5), кој е прилог на оваа одлука. Потписот на лицето што го пополнило прашалникот треба да биде заверен кај овластено лице (нотар). Лицето е должно да даде одговор на секое од прашањата / барањата содржани во прашалникот;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за изворите на вложените средства, односно основата за стекнувањето на акциите во подносителот на барањето, со приложување соодветен доказ за изворите на вложените средства (решение за наследство, потврда од банка или друга финансиска институција за висината и датумот на вложените средства, документ за висината на платата и приходите остварени по други основи или други релевантни докази);
- потврда од Управата за јавни приходи или потврда од соодветна институција (за странски физички лица) за редовно плаќање даноци и придонеси и потврда од надлежна институција за (не)оптовареност на имотот со обврски кон државата и кон други правни и физички лица;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за неговата имотна состојба заклучно до денот на поднесување на барањето од подносителот на барањето, со приложување соодветен доказ за сопственост и изворите на приходи (потврда од банка или друга финансиска институција за висината на депозитите кои се во сопственост на физичкото лице, доказ за сопственост на недвижен имот,

доказ за сопственост на хартии од вредност или удел во правни лица, други докази за имотната состојба и потеклото на средствата на физичкото лице);

- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за задолженост кај домашни и странски правни лица, со приложување на список на тие лица и износите на задолженоста;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека ќе продолжи да го поддржува работењето на подносителот на барањето и дека доколку е потребно, ќе вложи дополнителен капитал во операторот на платен систем;
- список на трговски друштва со кои управува физичкото лице или во кои има контрола, со податок за процентот на директната или индиректната контрола во тие друштва, нивниот (не)активен статус и краток опис на дејноста што ја вршат;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за постоење, односно непостоење блиски врски во смисла на Законот со правни и физички лица кои имаат учество или квалификувано учество во операторот на платен систем;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дали дејствува заеднички, директно или индиректно, преку формален или неформален договор, со други лица коишто имаат учество или квалификувано учество во операторот на платен систем или со други лица, со што би имал контрола врз операторот на платен систем;
- изјава од физичкото лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дали заедно со друго физичко лице директно или индиректно и / или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво;
- потврда од надлежен суд или друга надлежна институција дека против физичкото лице нема изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;
- потврда од надлежен суд дека на физичкото лице со правосилна судска одлука не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела;
- потврда од надлежен суд дека физичкото лице не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата. Доколку физичкото лице има соработник во смисла на Законот, ваквата потврда издадена од надлежниот суд се доставува и за соработникот;
- копија од актот, доколку е издаден таков акт, на органот надлежен за надзор на платежната институција, институцијата за електронски пари, операторот на платен систем, на друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции (освен акт на Народната банка), со кој на физичкото лице му била издадена согласност за стекнување квалификувано учество во платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем, банка или друга финансиска институција. Во случај кога надлежниот странски орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем, странскиот

супервизорски орган на банки или други финансиски институции не издава формална согласност, во барањето треба да се наведе оваа околност.

17.2 За правно лице:

- податоци за бројот на акциите коишто лицето има намера да ги стекне во операторот на платен систем, како и податоци за процентуалното учество во вкупниот број акции или во издадените акции со право на глас по планираното стекнување на акциите во операторот на платен систем;
- извод од регистарот каде што е запишано правното лице, издаден од надлежен орган и не постар од 30 (триесет) дена од денот на поднесување на барањето;
- важечки акт за основање на правното лице и список на членови на органот на управување на правното лице;
- извод од единствената евиденција на акционерите на правното лице, односно информација за сопствениците на удел на правното лице, во зависност од правната форма на правното лице. Во прилог се доставува и шематски приказ на сопственичката структура на правното лице сѐ до вистинскиот сопственик – физичко лице и список на лица кои се крајни сопственици на тоа правно лице до физички лица со следните податоци: име и презиме на лицето односно име / назив на сопственикот, адреса на живеалиште / престојувалиште, односно седиште / адреса на управување на сопственикот и други податоци за идентификација, како и податоци за апсолутни и процентуални износи на сопственост кај правното лице;
- пополнет прашалник за правните лица коишто имаат намера да стекнат квалификувано учество во оператор на платен систем (образец 6), кој е прилог на оваа одлука. Прашалникот треба да биде пополнет и потпишан од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице. Потписот на членот на органот на управување на правното лице што го пополнило прашалникот, треба да биде заверен кај овластено лице (нотар). Лицето е должно да даде одговор на секое од прашањата / барањата содржани во прашалникот;
- изјава од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице, дадена под целосна морална материјална и кривична одговорност, дали правното лице дејствува заеднички, директно или индиректно, преку формален или неформален договор, со други лица коишто имаат учество или квалификувано учество во операторот на платен систем или со други лица, со што би имал контрола врз подносителот на барањето;
- список на трговски друштва во кои правното лице има контрола, со податок за процентот на директна или индиректна контрола во тие друштва, нивниот (не)активен статус и краток опис на дејноста којашто ја вршат;
- изјава од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за изворите на вложените средства, односно основата за стекнувањето на акциите во операторот на платен систем, со приложување соодветен доказ за изворите на вложените средства (ревизорски извештај, годишна сметка или други релевантни докази);

- изјава од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за задолженост кај домашни и странски правни лица, со приложување на список на тие лица  и износите на задолженоста;
- изјава од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека правното лице ќе продолжи да го поддржува работењето на операторот на платен систем и доколку е потребно, ќе вложи дополнителен капитал во операторот на платен систем;
- потврда од Управата за јавни приходи или потврда од соодветна институција (за странски правни лица) за редовно плаќање на даноците и придонесите и потврда од надлежна институција за (не)оптовареност на имотот со обврски кон државата и кон други правни и физички лица;
- изјава од одговорното лице – член на органот на управување на правното лице, дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, за постоење, односно непостоење блиски врски, во смисла на Законот, со правни и физички лица кои имаат учество или квалификувано учество во операторот на платен систем;
- потврда од надлежен суд или друга надлежна институција дека на правното лице со правосилна судска одлука не му е изречена споредна казна:
    1) привремена забрана за вршење дејност на операторот на платен систем сѐ додека траат правните последици од пресудата;
    2) трајна забрана за вршење дејност на операторот на платен систем сѐ додека траат правните последици од пресудата;
    3) забрана за добивање на дозвола за вршење дејност на операторот на платен систем, сѐ додека траат правните последици од пресудата;
    4) одземање на дозволата за вршење дејност на операторот на платен систем, сѐ додека траат правните последици од пресудата;
    5) забрана за основање нови правни лица, сѐ додека траат правните последици од пресудата;
    6) престанок на правно лице, сѐ додека траат правните последици од пресудата.
- потврда од надлежна институција дека над правното лице не е отворена постапка за ликвидација или стечај.
- ревизорски извештаи за трговското друштво за последните 3 (три) години, на поединечна основа или доколу е применливо и на консолидирана основа (доколку правното лице има обврска да изработи такви извештаи, во согласност со прописите за сметководство во Република Северна Македонија или во земјата каде што се наоѓа седиштето на правното лице). Трговските друштва коишто се основани и работат помалку од 3 (три) години се должни да обезбедат ревизорски извештаи за последните 3 (три) години за своите сопственици – трговски друштва, односно да ја достават соодветната документација од точка 17 потточка 17.1. од оваа одлука за своите сопственици – физички лица коишто имаат учество во капиталот на трговското друштво над 20%;

- копија од актот, доколку таков акт е издаден, на надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари односно оператор на платен систем или друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции (освен акт на Народната банка), со кој на правното лице му била издадена согласност за стекнување квалификувано учество во платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем односно банка или друга финансиска институција. Во случај кога надлежниот странски орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем односно странксиот супервизорски орган на банки или други финансиски институции не издава формална согласност, во барањето треба да се наведе оваа околност.

18. Физичко или правно лице коешто има намера да стекне најмалку 50% од вкупниот број акции или од издадените акции со право на глас во операторот на платен систем кон барањето од точката 16 од оваа одлука, покрај документите, податоците и / или информациите од точка 17 од оваа одлука приложува и план за првите три деловни години од работењето, со проекција на финансиски извештаи, како и податоци за планирани промени во деловните активности, организацијата или управувањето со операторот на платен систем.

19. Покрај документите, податоците и / или информациите од точките 17 и 18 од оваа одлука, Народната банка може да бара и дополнителни документи, податоци и / или информации, како и допрецизирање на веќе доставената документација од подносителот на барањето.

    Народната банка, по службена должност, може да побара од соодветен надлежен орган во земјата или странство и дополнителни документи, податоци и / или информации заради оцена на интегритетот и репутацијата на лицето кое има намера да стекне квалификувано учество во оператор на платен систем.

20. При одлучувањето во врска со барањето за издавање претходна согласност за стекнување квалификувано учество во оператор на платен систем, врз основа на доставената документација од точките 16, 17, 18 и 19 од оваа одлука, Народната банка оценува дали лицето кое има намера да стекне акции во операторот на платен систем ги исполнува условите, преку:

    - утврдување на идентитетот, правната форма, сопственичката структура на лицето коешто има намера да стекне квалификувано учество, како и на поврзаните лица и на лицата со кои има блиски врски во согласност со Законот;
    - утврдување дали финансиската состојба на лицето кое има намера да стекне акции во операторот на платен систем е соодветна во однос на вредноста на акциите коишто има намера да ги стекне и дали лицето има способност за идна капитална поддршка на операторот на платен систем. При оцена на финансиската состојба на физичкото лице, се оценуваат неговите сопствени средства без да се земат во предвид позајмените средства. Доколку лицето е правно лице, неговата финансиска состојба се оценува врз основа на податоците од финансиските извештаи;
    - утврдување на изворите на средства за стекнување квалификувано учество, нивното потекло и легалност;

- оцена на репутацијата на лицето и на поврзаните лица и на лицата со кои има блиски врски во согласност со Законот. Во однос на оцената за (не)исполнување на условот за репутација на физичкото или правното лице коешто има намера да стекне квалификувано учество во оператор на платен систем соодветно се применуваат одредбите од точка 6 став 1 алинеја 1 од оваа одлука;
- оцена на управувачката и организациска структура на лицето којашто треба да биде јасна и да вклучува постоење: соодветни процедури за утврдување, управување, следење и известување за сите ризици на кои е изложен или би можел да биде изложен операторот на платен систем, во случаите кога барањето се однесува на стекнување најмалку 50% од вкупниот број акции или од издадените акции со право на глас во операторот на платен систем;
- оцена дали поради постоење блиски врски на лицето со други правни или физички лица и / или организациската и сопственичката структура на лицето или на групата на која ѝ припаѓа, надзорот над операторот на платен систем во согласност со Законот, би бил оневозможен или значително отежнат;
- оцена дали поради прописите и практиките на третата држава коишто се применуваат на лицата со кои лицето има блиски врски, надзорот над операторот на платен систем во согласност со Законот би биле оневозможени или значително отежнати;
- оцена дали планираното стекнување квалификувано учество во оператор на платен систем е поврзано со перење пари и / или финансирање тероризам;
- утврдување дали во барањето постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети; и
- точност и вистинитост на податоците доставени заедно со барањето.

21. Врз основа на оцената од точка 20 од оваа одлука, Извршниот одбор донесува решение за издавање претходна согласност за стекнување квалификувано учество или за одбивање на барањето во рок од 90 (деведесет) дена од денот на поднесување на барањето од точка 16 од оваа одлука.

    Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува подносителот на барањето да ги достави документите, податоците и / или информациите најмногу во рок од 30 (триесет) дена. Овој рок не се пресметува во рокот од став 1 на оваа точка.

22. Доколку правното лице кое стекнало или има има намера да стекне квалификувано учество во оператор на платен систем е давател на платежни услуги кој добил дозвола од Народната банка, не доставува документи, податоци и / или информации од точки 17 потточка 17.2 и 18 од оваа одлука. Народната банка може да побара дополнителни документи, податоци и / или информации за да се потврди усогласеноста на правното лице кое има или планира да стекне квалификувано учество согласно со Законот.

## V. ИЗДАВАЊЕ ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗМЕНА И / ИЛИ ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ПЛАТЕН СИСТЕМ

23. Операторот на платен систем е должен да поднесе барање до Народна банка за добивање претходна согласност од Извршниот одбор за измена и / или

дополнување на правилата за работење на платен систем, со кое е должен да достави:

- предлог за измена и / или дополнување на правилата за работење на платен систем, како и пречистен текст на правилата кои ја содржат предложената измена и / или дополнување;
- образложение на предложената измена и / или дополнување со процена на нивното влијание врз управувањето со ризиците во платен систем.

24. При одлучувањето во врска со барањето за издавање претходна согласност за измена и / или дополнување на правилата за работење на платен систем, врз основа на доставената документација од точката 23 од оваа одлука, Извршниот одбор оценува дали предложената измена и / или дополнување на правилата за работење на платниот систем се во согласност со член 134 став 2 од Законот и не ги загрозуваат сигурноста, стабилноста и ефикасноста на работењето на платниот систем.

25. Извршниот одбор донесува решение за издавање согласност во рок од 30 (триесет) дена од денот на поднесување на барањето од точка 23 од оваа одлука, доколку е доставена уредна документација и предложените измени и / или дополнувања на правила за работењето на платниот систем се во согласност со Законот и прописите коишто се носат врз основа на Законот.

    Доколку барањето не е комплетно, Народната банка го известува операторот на платен систем да ги достави документите, податоците и / или информациите најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена. Овој рок не се пресметува во рокот од став 1 на оваа точка.

26. Операторот на платен систем е должен да достави копија на усвоениот текст за измена и / или дополнување на правилата на работење на платниот систем до Народната банка, како и пречистен текст на правилата за работење на платниот систем за чија измена и / или дополнување добил согласност, во рок од 3 (три) дена од денот на нивното усвојување.

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ / ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВАА ОДЛУКА

27. Подносителот на барањето е должен целосно да ги подготви барањата од точките 2, 8, 16 и 23 од оваа одлука, коишто ги поднесува до Народната банка да ги провери и да обезбеди дека барањата и документацијата којашто се доставува кон барањата не содржат грешки во поглед на фактите, ниту други пропусти или недоследности.

    Кон барањата од став 1 од оваа точка, подносителот на барањето доставува доказ дека е платен надоместокот за разгледување на барањето во согласност со Одлуката за единствена тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Северна Македонија.

Кон барањата од став 1 од оваа точка треба да биде поднесена комплетната документација пропишана со Законот и оваа одлука.

28. Документацијата што се доставува кон барањата од точките 2, 8, 16 и 23 од оваа одлука треба да биде во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишана од овластеното лице или од соодветниот надлежен орган, да биде чиста, без дополнителни исправки и на македонски јазик. Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и преводот на македонски јазик, заверен од овластен судски преведувач, освен за финансиски извештаи и ревидирани финансиски извештаи на странски правни лица на англиски јазик.

29. Сите потврди, изјави и прашалници што се дел од документацијата којашто се доставува кон барањата од точките 2, 8, 16 и 23 од оваа одлука мора да бидат заверени кај овластено лице (нотар) и не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци пред денот на поднесувањето на барањето. Сите одлуки кои се дел од документацијата не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци пред денот на поднесувањето на барањето, освен одлуките донесени од собранието на акционери коишто не смеат да бидат постари од 1 (една) година пред датумот на поднесување на барањето.

30. Доколку законодавството на земјата од која доаѓа странското лице што поднесува барање за претходна согласност, или законодавството на земјата во која работело тоа лице најмалку пет години пред да го поднесе барањето за претходна согласност, поинаку ја регулира материјата во врска со документацијата којашто се доставува кон барањето, должно е да приложи:

- извадок од соодветниот пропис на странската земја; или
- правно мислење од адвокат, при што кон мислењето се доставува и документ со кој ќе се потврди дека станува збор за овластен адвокат во странската земја.

Во документите од став 1 од оваа точка треба јасно и недвосмислено да биде наведено дека во согласност со законодавството на странската земја, одреден документ пропишан со оваа одлука не може да се добие, односно не постои надлежна институција во таа земја која води евиденција и издава документ како пропишаниот во оваа одлука или јасно и недвосмислено да биде наведено на кој начин и преку кој друг документ се докажува одредена околност (изречена забрана за вршење професија, дејност или должност).

31. Народната банка ги разгледува барањата од точките 2, 8, 16 и 23 од оваа одлука, со комплетната документација. Под „комплетна документација“ се подразбира документацијата пропишана со оваа одлука, документацијата која дополнително е побарана од Народната банка, како и соодветните документи, податоци и информации кои треба да се добијат од надлежни домашни и странски институции за одлучување во врска со барањето. Доколку е потребно, Народната банка може да има средби со подносителот на барањето.

32. При разгледување на барањата од точките 2, 8, 16 и 23 од оваа одлука, Народната банка може да ја користи и документацијата со која располага за соодветниот оператор на платен систем, правното или физичкото лице.

## VII. СОДРЖИНА И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОПЕРАТОРИ НА ПЛАТНИТЕ СИСТЕМИ И НАЧИНОТ НА БРИШЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ

33. Регистарот на оператори на платните системи (во натамошниот текст: Регистарот) кој го води Народната банка содржи податоци за платните системи коишто ги управуваат трговките друштва коишто добиле дозвола за вршење дејност оператор на платен систем во согласност со Законот, за платните системи коишто ги воспоставила Народната банка во согласност со Законот за Народната банка Република Северна Македонија, како и за учесниците во овие платни системи.

34. Регистарот од точка 33 од оваа одлука особено содржи:

34.1 Евиденција на операторите на платните системи:
- реден број;
- назив на платен систем;
- видот на платен систем;
- назив на операторот на платен систем;
- ЕМБС на операторот на платен систем;
- ЕДБ на операторот на платен систем;
- адреса на седиште на операторот на платен систем;
- број и датум на решението за издавање на дозволата за вршење на дејноста оператор на платен систем, со исклучок на платните системи кои ги управува Народната банка;
- учесници во платниот систем.

34.2 Евиденција на учесници во платните системи:
- реден број;
- назив на учесникот во платниот систем;
- ЕМБС на учесникот во платниот систем;
- адреса на седиштето на учесникот во платниот систем.

34.3 Евиденција на операторите на платните системи за кои е донесено решение за укинување на дозволата за оператор на платен систем или е издадена согласност за престанување со работа на операторот на платен систем во согласност со Законот:
- реден број;
- назив на платен систем;
- видот на платен систем;
- назив на операторот на платен систем;
- ЕМБС на операторот на платен систем;
- основа за укинување на дозволата или престанување со работа на операторот на платен систем;
- број и датум на решението за укинување на дозволата или престанување со работа на операторот на платен систем.

35. Народната банка го води Регистарот во електронска форма. Регистарот е јавен и достапен на веб-страницата на Народната банка (www.nbrm.mk).

36. Народната банка ги впишува и ги ажурира податоците во Регистарот од точка 33 од оваа одлука, по службена должност и врз основа на документацијата за операторите на платните системи и / или за учесниците во платните системи опфатени со точка 33 од оваа одлука.

37. Народната банка, врз основа на решение за укинување на дозволата за оператор на платен систем или издадена согласност за престанување со работа на оператор на платен систем веднаш ги брише податоците од точка 34 потточка 34.1 од оваа одлука од евиденцијата во Регистарот и ги впишува податоците од точка 34 потточка 34.3 од оваа одлука.

38. Заедно со впишување на какво било бришење, промена, забелешка или исправка во Регистарот се впишува и датумот на извршениот упис.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

39. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О. бр. 02-15/XXII-6/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседавач**
**на Советот на Народната**
**банка на Република**
**Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска**
**Бежоска**

**Образец 1**

**БАРАЊЕ**
**за добивање дозвола за оператор на платен систем**

1. Податоци за трговското друштво кое има намера да ја врши дејноста оператор на платен систем:

| | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| ЕМБС | |
| Телефонски број, електронска адреса и веб-страница | |
| Седиште и / или адреса на местото од каде што се врши управувањето на правното лице (во случаите кога ова место е различно од седиштето) | |
| Основна дејност, во согласност со националната класификација на дејности | |

2. Податоци за овластеното лице за контакт со Народната банка на трговското друштво кое има намера да ја врши дејноста оператор на платен систем:

| | Овластеното лице 1: | Овластеното лице 2: |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Работно место | | |
| Телефонски број | | |
| Електронска адреса | | |

3. Листа на документи, податоци и / или информации кои се доставуваат кон барањето за добивање дозвола за оператор на платен систем од страна на трговското друштво:

| Реден број | Назив на документот | Број на страници |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | | |
| 12. | | |
| 13. | | |
| 14. | | |
| 15. | | |
| 16. | | |
| 17. | | |
| 18. | | |
| 19. | | |
| 20. | | |

Место и датум

______________________

Потпис на одговорното лице –
член на органот на управување на
подносителот на барањето

______________________________

**Образец 2**

# БАРАЊЕ
## за добивање претходна согласност за именување член на органот на управување на операторот на платен систем

1. Податоци за лицето предложено за член на органот на управување на операторот на платен систем:

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса на живеалиштето / престојувалиштето | |
| ЕМБГ (или соодветен идентификациски број, во согласност со прописите на странската земја – за странско физичко лице) | |
| Датум и место на раѓање (доколку не е достапен ЕМБГ) | |
| Државјанство (државјанства) | |
| Телефонски број | |
| Електронска адреса | |

2. Податоци за лицето овластено за контакт со Народната банка на операторот на платен систем, кој предложува член на органот на управување:

| | Овластеното лице 1: | Овластеното лице 2: |
|---|---|---|
| Име и презиме: | | |
| Работно место: | | |
| Телефонски број: | | |
| Електронска адреса: | | |

3. Листа на документи, податоци и / или информации кои се доставуваат кон барањето за добивање претходна согласност за член на органот на управување на операторот на платен систем:

| Реден број | Назив на документот | Број на страници |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| 13. | | |
| 14. | | |
| 15. | | |
| 16. | | |
| 17. | | |
| 18. | | |
| 19. | | |
| 20. | | |

Место и датум

Потпис

**Образец 3**

# ПРАШАЛНИК

## за членот на органот на управување на операторот на платен систем

1. Лични податоци

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум и место на раѓање | |
| ЕМБГ | |
| Државјанство | |
| Број на лична карта или број на пасош (за странско физичко лице) | |
| Адреса на живеалиштето / престојувалиштето | |
| Адреса во Република Северна Македонија (доколку станува збор за странско физичко лице со престој во Република Северна Македонија) | |
| Телефонски број | |
| Електронска адреса | |

2. Образование и професионална компетентност

2.1. Образование

| Назив на образовната институција и седиште | Целосен назив на стекнатиот степен на образование | Период на стекнување на образованието |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

2.2. Познавање на македонскиот јазик

Мајчин јазик ______________________
Одлично ______________________
Добро ______________________
Слабо ______________________

2.3. Познавање странски јазици

| Странски јазик | Одлично | Добро | Слабо |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

2.4. Професионална компетентност

Наведете ги сите работни места и / или функции на кои сте работеле / сте ги извршувале до моментот на пополнување на прашалникот (почнувајќи од последното работно место):

| Период од / до (месец / година) | Име, седиште, основна дејност, телефонски број и електронска адреса на работодавецот | Работно место / функција, краток опис на работните задолженија и овластувања за одлучување |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

2.5. Наведете ги сите членства во професионални тела или слични организации:

| Професионално тело или слична организација | Датум на стекнување на членството |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

2.6. Наведете ги сите стекнати обуки во доменот на платежните услуги, платните системи, банкарството и / или финансиите:

| Назив на обуката | Институција која ја спровела обуката | Период на одржување на обуката |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

3. Дали Ви била изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако Ви била изречена прекршочна санкција, забрана за вршење професија, наведете ги сите детали.

4. Дали со правосилна судска одлука Ви била изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела? Ако Ви била изречена ваква казна или забрана, наведете ги сите детали.

5. Дали сте биле осуден/а со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.

5.1. Доколку имате соработник во смисла на Законот за платежни услуги и платни системи, дали лицето било осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.

6. Дали сте Вие или лицата со кои имате блиски врски, акционер, сопственик, сосопственик или содружник во правно лице, вклучувајќи го и операторот на платен систем во кој сте предложен/а за член на органот на управување? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следниве две табели, при што првата се пополнува само за предложеното лице, а втората за лицата со кои предложеното лице има блиски врски.

| Назив и седиште на правното лице во кое предложеното лице има дел од капиталот и / или од акциите со право на глас | Процент од капиталот и / или од акциите со право на глас |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

| Име и презиме, односно назив на лицето со кое имате блиски врски и начинот на поврзаност | Назив и седиште на правното лице во кое лицето со кое имате блиски врски има дел од капиталот и / или од акциите со право на глас | Процент од капиталот и / или од акциите со право на глас |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

7. Дали сте Вие или лицата со кои имате блиски врски, член на орган на надзор или управување во претходно наведените лица? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следниве две табели, при што првата се пополнува само за предложеното лице, а втората за лицата со кои предложеното лице има блиски врски.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

| Име и презиме, односно назив на лицето со кое имате блиски врски и начинот на поврзаност | Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

8. Дали сте член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин имате влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на кое било друго правно лице, освен на правните лица од точката 6 од овој прашалник? Наведете ги тие правни лица, органот на надзор или управување и начинот на кој имате влијание.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување | Опис на начинот на влијание |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

9. Дали врз правните лица во кои сте извршувале функција на лице со посебни права и одговорности била воведена администрација или е отворена постапка за ликвидација или стечај? Доколку одговорот е потврден, наведете подетални податоци во врска со вашите активности, надлежности и одговорности во тоа правно лице.

10. Дали против Вас е донесена правосилна судска пресуда со која е утврдена Вашата одговорност за отворената стечајна постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги сите детали поврзани со судската пресуда.

11. Доколку е применливо во Вашата земја, дали над Вашиот имот е отворена стечајна постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги детално сите околности поврзани со оваа постапка.

12. Дали од страна на надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизрски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, биле преземени мерки кон платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција во која сте остварувале контрола или сте биле член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување.

13. Дали надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизрски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, вршел оцена на Вашата репутација и способност при барање за добивање согласност за именување член на орган на надзор или управување во тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

| Назив на надлежниот орган за надзор / супервизорски орган | Вид на побараната согласност | Причини зошто согласноста не е добиена (доколку надлежниот орган за надзор / супервизорски орган не ја издал бараната согласност) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

14. Дали надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизрски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, Ви одзел согласност за квалификувано учество во капиталот на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција или Ви одзел согласност да бидете член на орган на надзор или управување во тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

15. Дали некогаш сте биле разрешен/а или од Вас било побарано да се повлечете од вршење некоја функција во друго правно лице? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите податоци и причини.

16. Доколку органот на управување се состои од повеќе членови, дали е предвидена поделба на областите на одговорност на членовите на органот на управување на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем? Ако е одговорот потврден, наведете за која област ќе бидете одговорен/а.

17. Кои се, според Вас, позитивните страни на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем во кој сте предложен/а да бидете член органот на управување? Како ќе ги искористите овие предности за зајакнување на сигурноста и стабилноста на платниот систем?

18. Кои се според Вас слабите страни на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем во кој сте предложени да бидете член на органот на управување? Како ќе ги отстраните / намалите овие слабости?

19. Наведете други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оцената на вашата способност за вршење на функцијата член на органот на управување на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем и за обезбедување нејзино стабилно и сигурно работење.

20. Дадете краток опис на Вашите очекувања за напредокот на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем по пет години.

Јас _______________________________________________ (име и презиме на физичкото лице)

а) Изјавувам, под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека лично го пополнив овој прашалник и дека информациите содржани во него, како и целата документација којашто ја доставувам во рамките на барањето за издавање согласност за член на органот на управување на ______________________ (назив на трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно на операторот на платен систем), се точни и не содржат невистинити податоци и фалсификувани документи.

б) Свесен/свесна сум за критериумите пропишани со Законот за платежни услуги и платни системи коишто треба да ги исполнам за да станам член на органот на управување на оператор на платен систем.

в) Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека ќе обезбедам почитување на пропишаните правила и стандарди за работа на операторот на платен систем, спроведување на мерките преземени од страна на Народната банка и ќе ги доставувам сите податоци и информации побарани од страна на Народната банка со цел вршење ефикасен надзор, со што ќе обезбедам сигурно и стабилно работење на платниот систем.

Место и датум                                        Потпис на физичкото лице

____________________                                 ____________________________

**Образец 4**

**БАРАЊЕ**
**за добивање претходна согласност за стекнување квалификувано учество**

1. Податоци за физичкото лице коешто има намера да стекне квалификувано учество во операторот на платен систем (пополнува: физичкото лице).

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Место и датум на раѓање | |
| Адреса на живеалиштето / престојувалиштето | |
| ЕМБГ | |
| Број на лична карта | |
| Телефонски број | |
| Електронска адреса | |

2. Податоци за правното лице коешто има намера да стекне квалификувано учество во операторот на платен систем (пополнува: правното лице).

| | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| ЕМБС (или соодветен идентификациски број, во согласност со прописите на странската земја – за странско правно лице) | |
| Телефонски број, електронска адреса и веб-страница | |
| Седиште и / или адреса на местото од каде што се врши управувањето на правното лице (во случаите кога ова место е различно од седиштето) | |
| Основна дејност, во согласност со националната класификација на дејности, или во согласност со класификацијата на дејности којашто е важечка во странската земја (за странско правно лице) | |

3. Податоци за бројот на акциите коишто лицето има намера да ги стекне во операторот на платен систем, како и податоците за процентуалното учество во вкупниот број акции или во издадените акции со право на глас по планираното стекнување на акциите во операторот на платен систем.

4. Податоци за овластеното лице на операторот на платен систем за контакт со Народната банка (пополнува физичко или правно лице):

| | Овластеното лице 1: | Овластеното лице 2: |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Работно место | | |
| Телефонски број | | |
| Електронска адреса | | |

5. Листа на документи, податоци и / или информации што се доставуваат кон барањето за добивање претходна согласност за стекнување квалификувано учество во операторот на платен систем:

| Реден број | Назив на документот | Број на страници |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |

Место и датум

____________________

Потпис

____________________

Потпис на одговорното лице член на органот на управување на подносителот на барањето.

**Образец 5**

**ПРАШАЛНИК**
**за физичките лица за стекнување квалификувано учество во операторот на платен систем**

1. Податоци за физичкото лице кое преку лицата со кои има блиски врски поседува квалификувано учество во трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно кое има намера да стекне квалификувано учество во оператор на платен систем:

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум и место на раѓање | |
| ЕМБГ | |
| Државјанство | |
| Адреса на живеалиштето / престојувалиштето | |
| Адреса во Република Северна Македонија (доколку станува збор за странско лице со престој во Република Северна Македонија) | |
| Телефонски број | |
| Електронска адреса | |

2. Податоци за образованието на физичкото лице

| Назив на образовна институција и седиште | Целосен назив на стекнатиот степен на образование | Период на стекнување на образованието |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

3. Наведете ги сите работни места и / или функции кои сте ги имале до моментот на пополнувањето на прашалникот, почнувајќи од последното работно место.

| Период од / до (месец / година) | Име, седиште и основна дејност на работодавецот | Работно место / функција (каде и кога) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

4. Дали Ви била изречена прекршочна санкција или забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако Ви била изречена ваква санкција или забрана, наведете ги сите детали.

5. Дали со правосилна судска одлука Ви била изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела? Ако Ви била изречена ваква казна забрана, наведете ги сите детали.

6. Дали сте биле осуден/а со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.

6.1. Доколку имате соработник во смисла на Законот за платежни услуги и платни системи, дали лицето било осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци? Ако била изречена ваква пресуда, наведете ги сите детали.

7. Доколку е применливо во Вашата земја, дали над Вашиот имот е отворена стечајна постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги детално сите околности поврзани со оваа постапка.

8. Дали сте Вие, или лицата со кои имате блиски врски, акционер, сопственик, сосопственик или содружник во друго правно лице? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следниве две табели, при што првата се пополнува само за физичкото лице, а втората за лицата со кои физичкото лице има блиски врски.

| Назив и седиште на правното лице во кое физичкото лице има дел од капиталот и / или од акциите со право на глас | Процент од капиталот и / или од акциите со право на глас |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

| Име и презиме, односно назив на лицето со кое имате блиски врски и начинот на поврзаност | Назив и седиште на правното лице во кое лицето со кое имате блиски врски има дел од капиталот и / или од акциите со право на глас | Процент од капиталот и / или од акциите со право на глас |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

9. Дали сте Вие, или лицата со кои имате блиски врски со Вас, член на орган на надзор или управување во претходно наведените лица? Доколку одговорот е потврден, пополнете ги следниве две табели, при што првата се пополнува само за физичкото лице, а втората за лицата со кои физичкото лице има блиски врски.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

| Име и презиме, односно назив на лицето со кое имате блиски врски и начинот на поврзаност | Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

10. Дали сте член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин имате влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на кое било друго правно лице, освен на правните лица од точката 8 од овој прашалник? Наведете ги тие правни лица, органот на надзор или управување и начинот на кој имате влијание.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување | Опис на начинот на влијаење |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

11. Дали била отворена постапка за ликвидација или стечај врз правните лица во кои сте имале контрола или сте биле член на орган на надзор или управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете подетални податоци околу вашите активности во тоа правно лице.

12. Дали против Вас е донесена правосилна судска пресуда со која е утврдена Ваша одговорност за отворената стечајна постапка? Доколку одговорот е потврден, наведете ги сите детали поврзани со судската пресуда.

13. Дали од страна на надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции, освен Народната банка на Република Северна Македонија, биле преземени мерки кон платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција во која сте остварувале контрола или сте биле член на орган на надзор или

управување или на кој било друг начин сте влијаеле врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување.

14. Дали надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции, освен Народната банка на Република Северна Македонија, вршел оцена на Вашата репутација и способност при барање за добивање согласност за стекнување квалификувано учество во капиталот или за именување на член на орган на надзор или управување во тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

| Назив на надлежниот орган за надзор / супервизорски орган | Вид на побараната согласност / дозвола | Причини зошто согласноста не е добиена (доколку надлежниот орган за надзор/супервизорски орган не ја издал бараната согласност) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

15. Дали надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизорски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, Ви одзел согласност за квалификувано учество во капиталот на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција или Ви одзел согласност да бидете член на орган на надзор или управување во тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

16. Дали сте биле отповикан/а или од Вас било побарано да се повлечете од вршење на некоја функција во друго правно лице? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

17. Наведете други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оцена на вашата способност да стекнете квалификувано учество во операторот на платен систем.

18. Дадете краток опис на Вашите очекувања за просперитет на платниот систем по пет години од добивањето на дозволата за оператор на платен систем односно на претходната согласност за стекнување на квалификуваното учество во оператор на платен систем.

Јас _______________________________________________ (име и презиме на физичкото лице)

а) Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека лично го пополнив овој прашалник и дека информациите содржани во него, како и целата

документација којашто ја доставувам во рамките на барањето за издавање дозвола за оператор на платен систем, односно во барањето за стекнување квалификувано учество, се точни и не содржат невистинити податоци и фалсификувани документи.

б) Свесен/свесна сум за критериумите пропишани со Законот за платежни услуги и платни системи коишто треба да ги исполнам за да стекнам квалификувано учество во правното лице____________________(назив на операторот на платен систем).

в) Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека ќе обезбедам почитување на пропишаните правила и стандарди за работа на платниот систем, спроведување на мерките преземени од страна на Народната банка и ќе ги доставувам сите податоци и информации побарани од страна на Народната банка со цел вршење ефикасен надзор, со што ќе обезбедам сигурно и стабилно работење на платниот систем.

| | |
|---|---|
| Место и датум | Потпис на физичкото лице |
| _____________________ | _____________________________ |

**Образец 6**

# ПРАШАЛНИК

## за правни лица за стекнување квалификувано учество во оператор на платен систем

1. Податоци за правното лице кое преку лицата со кои има блиски врски поседува квалификувано учество во трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем, односно кое има намера да стекне квалификувано учество во оператор на платен систем:

| | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Матичен број (или соодветен идентификациски број, во согласност со прописите на странската земја - за странско правно лице) | |
| Телефонски број, електронска адреса и веб-страница | |
| Адреса во Република Северна Македонија (доколку е применливо) | |
| Основна дејност, во согласност со националната класификација на дејности, или во согласност со класификацијата на дејности која е важечка во странската земја (за странско правно лице) | |

2. Наведете ги лицата кои се членови на органите на управување и надзор на правното лице, со кратка биографија за нивното образование и досегашно работно искуство

| Име и презиме | Орган на надзор или управување | Стекнато образование | Работно искуство (каде и кога) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

3. Наведете ги лицата кои во правното лице поседуваат, директно или индиректно, повеќе од 20% од капиталот на правното лице

| Име и презиме / назив | Адреса / седиште | Основна дејност | Учеството во капиталот или во правата на глас изразено во проценти |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

4. Дали лицата од точка 3 од овој прашалник имаат свои претставници во органите на надзор или управување на правното лице?
Доколку одговорот е потврден, наведете ги правните лица и нивните претставници во органите на надзор или управување на правното лице.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување | Име и презиме на претставникот на правното лице |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

5. Наведете ги трговските друштва во кои правното лице, директно или индиректно, има контрола.

| Назив и седиште | Основна дејност | Учеството во капиталот или во правата на глас на правното лице изразено во проценти | Проценета (пазарна) вредност на учеството* (во 000 денари) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

* Во недостаток на проценета (пазарна) вредност на учеството, се зема книговодствената вредност на учеството.

6. Дали правното лице има свои претставници во органите на надзор или управување на лицата од точката 5 од овој прашалник? Доколку одговорот е потврден, наведете ги правните лица и претставниците на правното лице, во нивните органи на надзор или управување.

| Назив и седиште | Име и презиме на претставникот | Орган на надзор или управување |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

7. Дали правното лице има свои претставници во органите на надзор или управување или на кој било друг начин има влијание врз управувањето и донесувањето на политики и финансиски и деловни одлуки на кое било друго правно лице во Република Северна Македонија или во странство? Наведете ги правните лица, органите и лицата кои го претставуваат правното лице.

| Назив и седиште на правното лице | Орган на надзор или управување | Име и презиме на претставникот на правното лице | Опис на начинот на влијание |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

8. Дали на правното лице со правосилна судска одлука му е изречена споредна казна: привремена забрана за вршење дејност на оператор на платен систем; трајна забрана за вршење на дејноста оператор на платен систем; забрана за добивање дозвола за вршење на дејноста оператор на платен систем; одземање на дозволата за вршење на дејноста оператор на платен систем; забрана за основање нови правни лица; престанок на правно лице. Ако била или е изречена ваква одлука, наведете ги сите детали.

9. Дали над имотот на правното лице е отворена постапка за ликвидација или стечај (доколку лицето кое остварува контрола во правното лице е физичко лице, прашањето се одговара само доколку е применливо во земјата од каде што доаѓа)? Доколку одговорот е потврден, наведете ги детално сите околности поврзани со оваа постапка.

10. Дали била отворена стечајна постапка врз правните лица во кои правното лице остварувало контрола или имало свој претставник во органите на надзор или управување или на кој било друг начин влијаело врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Ако одговорот е потврден, наведете подетално.

11. Дали правното лице има блиски врски во смисла на Законот за платежни услуги и платни системи со други лица кои имаат учество или квалификувано учество во трговското друштво кое поднесува барање за добивање на дозвола за оператор на платен систем односно во операторот на платен систем? Ако одговорот е потврден, наведете подетално.

12. Дали од страна на надлежен орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор платен систем или друг супервизрски орган

на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, презел мерки кон платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција во која правното лице остварувало контрола или имало свој претставник во органите на надзор или управување или на кој било друг начин влијаело врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки? Доколку одговорот е потврден, наведете ги мерките и сите детали поврзани со нивното спроведување.

13. Дали надлежниот орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари,оператор на платен систем или друг супервизрски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, вршел оцена на репутацијата и способноста на правното лице при барање за добивање согласност за стекнување квалификувано учество во капиталот на тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

| Назив на надлежниот орган за надзор / супервизорски орган | Вид на побараната согласност | Причини зошто согласноста не е добиена (доколку надлежниот орган за надзор / супервизорски орган не ја издал бараната согласност) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

14. Дали надлежниот орган за надзор на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или друг супервизрски орган на банки или други финансиски институции, со исклучок на Народната банка на Република Северна Македонија, на правното лице му одзел согласност за квалификувано учество во капиталот на платежна институција, институција за електронски пари, оператор на платен систем или банка или друга финансиска институција или за вклучување свој претставник во орган на надзор или управување на тие институции? Ако одговорот е потврден, наведете ги сите детали.

15. Наведете други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оценување на способноста на правното лице за стекнување квалификувано учество во операторот на платен систем и да обезбеди стабилно и сигурно работење на платниот систем.

16. Дадете краток опис на Вашите очекувања за унапредување на платниот систем по пет години од добивањето на дозволата за оператор на платен систем односно на претходната согласност за стекнување на квалификуваното учество во операторот на платен систем.

Јас _______________________________________________ (име и презиме на одговорното лице – член на органот на управување на правното лице), како одговорно лице – член на органот на управување на правното лице___________________(назив на правното лице).

а) Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека лично го пополнив овој прашалник и дека информациите содржани во него, како и целата документација којашто ја доставува правното лице во рамките на барањето за издавање дозвола за оператор на платен систем односно во барањето за стекнување квалификувано учество, се точни и не содржат невистинити податоци и фалсификувани документи.

б) Свесен/свесна сум за критериумите пропишани со Законот за платежни услуги и платни системи коишто треба да ги исполни ______________________(назив на правното лице) за да стекне квалификувано учество во операторот на платниот систем.

в) Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека правното лице ќе обезбеди почитување на пропишаните правила и стандарди за работа на платниот систем, спроведување на мерките преземени од страна на Народната банка и ќе ги доставува сите податоци и информации побарани од страна на Народната банка со цел вршење ефикасен надзор, со што ќе обезбеди сигурно и стабилно работење на платниот систем.

Место и датум

Потпис на одговорното лице-
член на органот на управување
на правното лице

____________________ ____________________________